АГЕНЦИЈА ЗА ФИНАНСИСКА ПОДДРШКА ВО ЗЕМЈОДЕЛСТВОТО И РУРАЛНИОТ РАЗВОЈ

# Исплатени двајца корисници на средства од ИПАРД Програмата по осмиот Јавен повик (01/2013)

По успешната реализација на одобрените инвестиции, нови двајца корисници кои потпишаа Договор со Агенцијата за користење на средства од ИПАРД Програмата по осмиот Јавен повик (01/2013), добија средства од ЕУ фондовите за рурален развој.



Агенцијата за финансиска поддршка во земјоделството и руралниот развој исплати 110,104 денари на корисникот Андон Јанкулов од Богданци за обновување на постоечки лозови насади. Од вкупно исплатените средства 82,578 денари се средства од буџетот на ЕУ и 27,526 денари се национален дел.

На корисникот Тодорче Поневски од Ресен исплатени се средства во износ од 730,103 денари од кои 547,577 денари се средства од буџетот на ЕУ и 182,526 денари се средства од буџетот на РМ и истите се наменети за обновување на постоечки овошни насади.